# Општи услови за регрутирање на лица за потенцијално вработување во ОАЕ

**Почитувани АПЛИКАНТИ ,**

Ве информираме дека процесот за посредување и презентирање пред представници на компании од ОАЕ , е **поставен според стандардите на Коузон Вработување ДОО и инструкциите од нашите партнери од ОАЕ.**

Што треба Вие да направите за да бидете дел од овој процес ?

## Прв чекор

1. Основно е да ни доставите Ваша кратка биографија напишана на англиски јазик составена во стандарден **CV формат симнат од веб страната на Коузон .Со овој документ треба да ни доставите и две фотографии пасошки формат , една фотографија во официјална гардероба во full body size**
2. Доколку имате работно искуство , Ве молиме да ни доставите препораки од претходните работодавци , на македонски или англиски јазик .
3. Доколку поседувате некоја диплома за завршено стручно образование од областа за која ќе Аплицирате , Ве молиме да ни доставите копија од истата
4. Доколку и претходно сте работеле за некоја странска компанија, секако ќе треба да приложите документи ( препораки или работен договор ) од претходната компанија .

## Втор чекор

По процесот на аплицирање ( доколку е тоа on-line ) , Вие ќе треба да дојдете на презентација за потенцијално вработување во ОАЕ која е органзира секој петок во 11.00 часот во тренинг центарот на Коузон во Скопје . По презентацијата ќе бидете замолени да поминете на прелиминарно интервју со вработен од Коузон .
Целта на ова интервју е да ги утврдиме Вашите квалификации , знаењето на англискиот јазик , стручноста од областа за која аплицирате .
На самото интервју ќе биде утврдена и позицијата за која ќе бидете предложени и презентирани пред потенцијалните работодавци од ОАЕ.
Вие можете да аплицирате и да бидете предложени за работа во една од следниве работни позиции :

**ресторант – сите позиции**
**бар – сите позиции**
**кујна – сите позиции**
**хотел – сите позиции**
**Фотограф**
**Продавач во фри шоповите и ликсузни продавници**
**Одредени сервис позиции, за чистење и средување**
**Или други позиции на барање на одреден работодавец од ОАЕ**

Доколку прифатите , ќе следат следниве активности .

## Трет чекор

Доставување на документи за :

- образование со превод на англиски јазик , со заверување кај надлежна институција – доколку тоа го бара работната позиција за која сте апицирале .

- Потврда за неосудуваност или неказнуваност , извадена од Суд или Полиција во МКД .

## Четврт чекор

**Обука**

Обуката е задолжителен дел и Вие мора да присуствувате на истата . Обуката трае 3 дена , во просек по 5-6 часа на ден
На обуката ќе бидете запознаени со сите битни информации за процесот на интервјуто,начин на представување и комуникација и начин на одговарање на прашањата . Ќе Ви бидат дадени инструкции како да ги претставите предностите на Вашето работно искуство и да ги истакнете мотивите за вработување во ОАЕ .Ќе Ви бидат поделени т.н ТРЕНИНГ МАТЕРИЈАЛИ , (со истите тие информации ) надополнети со содржини за позицијата за која аплицирате.
Последниот ден ќе имате тестирање , ( писмено ) со исти прашања од обуката .
Услов да одите на главното интервју , ќе биде да го положите овој тест.
Тестот ќе биде на англиски јазик , со заокружување на одговори , и со одговор ДА/НЕ .

## Петти чекор

**Презентирање пред потенцијален работодевец од ОАЕ**

Овој процес значи Ваше лично интервју со претставникот на избраната компанија за Ваше потенцијално вработување . Интервјуто е лично . Се води на англиски јазик.
За интервјуто Вие треба да ги приложите сите Ваши документи .
Интервјуто во просек трае 10 до 15 минути.
Основни прашања се : вашата школска квалификација , Вашето работно искуство ( со демонстрирање на одредена активност ) , објаснување зашто би работеле во ОАЕ .
Претставникот на компанијата ќе Ви понуди одредена позиција за Ваше вработување . Вие според Ваша проценка и желба можете да прифатите или одбиете .
Доколку прифатите , ќе бидете замолени да потпишете дека се согласувате со понудената позиција .
Само Вие и никој друг во Ваше име може да прифати и да потпише Ваков документ .
Добиената позиција не е променлива и со истата позиција ќе бидете поканети од страна на компанија , да заминете за ОАЕ и работите во период од 2 години
КОУЗОН Вработување , со овој дел , нема никакви допирни точки и ингеренции .

## Шести чекор

Компанија од ОАЕ ќе Ви испрати писмо со покана за вработување .Писмото го добивате преку Коузон .

# Општи услови за регрутирање на лица за потенцијално вработување во ОАЕ

Писмото е основа за добивање на виза преку тамошните авторитети .
Трошокот за вадење на работната визата во ОАЕ е за сметка на вашиот работодевец .
По добивањето на визата Вие ќе бидете упатени кај Лиценцирана медицинска установа за да направите лекарки преглед , според правилата на компанија . Трошокот за Лекарскиот преглед е Ваш , и го уплаќате на сметка на Коузон и изнесува 6.200 денари .
Доколку медицинските наоди покажат некои позитивни резултати ( дрога , алкохол , дијабетис , бронхитис и сл ) или посериозни здравствени проблеми Вие ќе бидете одбиени за вработување и Вашата работна виза ќе биде поништена .
Негативниот наод по сите 21 тестови на медицинскиот преглед е основен предуслов за Ваше заминување за работа во ОАЕ . Тестирањата се унифицирани.
Доколку резулатите се позитивни сите предходни трошоци се за ваша сметка .

## Седми чекор

По успешно завршените предходни активности ( чекори ) , Вие ќе добиете фактура на Ваше име од страна на Коузон Вработување . Цената на таа фактура ќе биде 12.500 денари , кои Вие лично преку Ваша сметка ке треба да ги уплатите .
По уплатата на горенаведената сума , од страна на компанијата ќе ви биде испратена ( преку КОУЗОН ) АВИОНСКА КАРТА, која за Вас е бесплатна .
Вашето заминување за ОАЕ , по добивањето на авионската карта ќе биде организирано . Ќе добиете целосни информации каде треба да слетате , кој ќе Ве прифати на аеродромот , и каде ќе бидете сместени .
Вашиот работен договор ќе биде 24 работни месеци
За Време на работниот договор , Вие ги уживате сите права на вработено лице според стандардите и законите на ОАЕ .
Обезбедено ви е соодветно сместување во комплекси за вработени од дадената компанија или компанијата ќе Ви асистира во наоѓањето на сместување . Сместувањето е секогаш според прописите на ОАЕ , при што несмее да има мешање на машки со женски . Вие ќе работите 5-6 дена во неделата – во зависност од распоредот на работните активности или смените на работењето добиени од вашите менаџери . Секој слободен момент можете да го користите според Вашите желби и потреби.
Вие ќе имате примарна и секундарна здравствена заштита ( во случај на потреба )
**( НАПОМЕНА : доколку не ги извршувате работните обврски според правилата на компанија, Вие ќе бидете вратени во Македонија .Првите 3 месеци од договорот се пробен период .Во секој случај на Ваше предвремено враќање во Македониоја потрошените и уплатени средства во процесот за заминување за ОАЕ не се повратни 100 % . Во случај на предвремено враќање од ОАЕ заради Ваша грешка или слаби работни резултати може да се случи Компанијата која е Ваш работодавец да бара обештетување за вадењето на работната виза , авионската карта за пат до ОАЕ – на одење и авионската карта за враќање во МКД .Овие трошоци ќе ви бидат пресметани и Вие ќе мора да и ги платите на компанијата или таа ќе ги одбие од Вашата плата .**
**Коузон Вработување никогаш неможе да го гарантира Вашето заминување на работа во ОАЕ за посочената компанија. Само компанијата може да Ве повика за работа според нивните потреби и период кој тие ќе го определат. Во случај компанијата да го откаже Вашето вработување од најразлични причини или одложува во просек од 1-2 години , Вие немате право на повраток на уплатените и потрошени средства во процесот на подготовка и обука. Сите трошоци секогаш се 100 % неповратни и се само за Ваша сметка )**

## Осми чекор

По успешно завршениот прв работен договор , Вие директно контактирате со Компанија .Коузон Вработување нема никакви ингеренции и обврски да Ви посредува или се ангажира за Вас .
Вие имате право на прекин на работниот договор по истекот на првата година од предвидените две години , при што на Компанијата која е Ваш работодавец ќе треба да им платите одредени средства за обештетување потрошени за Вашата работна виза , сместувањето и сл .

**ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

***РАБОТА ВО ОАЕ*** **- Вработувањата на Арапскиот полуостров во земјите на ОАЕ , Катар и други се реализираат преку посреднички компании ,( Агенции ) со кои Коузон има договори за посредување при вработување . Секоја работна понуда во целост ги содржи сите информации за работодавецот, работните саати , работната позиција, сместување и сл . Специфика на овие вработувања мора да представува сознанието дека вработувањата се во дел од светот каде во летниот период температурата достигнува и над 50 целзијусови степени , има посебен режим на однесување наметнат од строгите закони, нема мешање на мажи и жени и сл. Сите битни информации се изнесени на презентацијата на која секој кандидат за вработување во ОАЕ мора да присуствува .**

### ИЗЈАВА

Јас ________________________________________ под целосна и матерјална одговорност, без никакво надворешно влијание и притисок при здрава свест и разум **изјавувам** дека внимателно ги прочитав горенаведените информации за аплицирање во ОАЕ , ги разбирам во целост сите постапки низ кои треба да поминам, и се согласувам да ги следам инструкциите кои се наведени. Со потпишувањето на оваа изјава го отпочнувам својот личен процес за аплицирање. За време на мојот прв контакт со агенцијата ми беше даден на увид и примерок од Договорот за посредување во процесот на регрутација и консултантски услуги кои агенцијата Коузон Вработување ќе ги процесира во мој интерес.

____________________ Коузон Вработување
Изјавил

____ / _____ / 20____

KOUZON corporation
live your dream...